# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПОРТОТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.153 од 04.09.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за спортот (“Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14 и 72/15), во членот 71 став 6 зборовите: “тужба за управен спор пред надлежниот суд“ се заменуваат со зборовите: “жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.“

**Член 2**

Во членот 74 став 1 зборовите: ″4.000 до″ се бришат.
Ставот 2 се менува и гласи:
″ Глоба во износ од 30 % од одмерената глоба за субјектот што врши дејност спорт ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во субјектот.″
Во ставот 3 зборовите: “од шест месеци до пет години″ се заменуваат со зборовите: “од шест месеци до две години″.
Во ставот 4 зборовите: “од една до пет години″ се заменуваат со зборовите: “до една година″.

**Член 3**

Во членот 75 став 2 зборовите: „од една до пет години“ се заменуваат со зборовите: „до една година“.

**Член 4**

Во членот 75-а став 1 зборовите: ″2.500 до″ се бришат.
Ставот 2 се менува и гласи:
„Глоба во износ од 30 % од одмерената глоба за спортскиот клуб, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во спортскиот клуб.″

**Член 5**

Во членот 76 став 2 зборовите: „од една до пет години“ се заменуваат со зборовите: „до една година“.

**Член 6**

Во членот 77 став 1 зборовите: ″4.000 до″ се бришат.
Ставот 2 се менува и гласи:
″Глоба во износ од 30 % од одмерената глоба за субјектот, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице на организаторот на спортските натпревари и манифестации.″
Во ставот 3 зборовите: “од шест месеци до пет години″ се заменуваат со зборовите: “од шест месеци до две години″.
Во ставот 4 зборовите: “од шест месеци до пет години″ се заменуваат со зборовите: “до една година″.

**Член 7**

Во членот 78 зборовите: “одговорното лице“ се заменуваат со зборовите: “службеното лице“.

**Член 8**

Во членот 79 став 1 зборовите: ″4.000 до″ се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30 % од одмерената глоба за Националната спортска федерација, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорното лице во Националната спортска федерација."

**Член 9**

Членот 79-а се менува и гласи:

**„Член 79-а**

За прекршоците предвидени во овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд."

**Член 10**

По членот 79-а се додаваат два нови члена 79-б и 79-в, кои гласат:

**"Член 79-б**

За прекршоците утврдени во членовите 74, 75, 75-а, 75-б, 76, 77, 78 и 79 од овој закон инспекторот е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.
Инспекторот е должен да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.
Во евиденцијата од ставот 2 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог и исходот од постапката.
Личните податоци од ставот 3 на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.
Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува функционерот кој раководи со органот надлежен за работите од областа на спортот.

**Член 79-в**

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците."

**Член 11**

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".